Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Страшо Глигоров од Скопје, генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-679/1 од 26.07.2024 година.

Образложение

03-679/2

На 26.07.2024 година, [redacted], до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-679/1 од 26.07.2024 година , со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. ЗАПИСНИК од состанок со инспекторите за спорт при АМС Васе Ефтимов и Димитар Терзиев во врска со поднесоци од подносителот одржан на 12.01.2022 година.
2. ЗАПИСНИК од состанок со подносителот Страшо Глигоров одржан на 08.02.2022 година.
3. ЗАПИСНИК од состанок со Директорот на АМС Наумче Мојсовски за состојбата во инспекциската служба во АМС и Боречката федерација на Македонија одржа на 16.02.2022 година.
4. ЗАПИСНИК од средба со Страшо Глигоров одржана на 29.03.2022 година.
5. ЗАПИСНИК од средба со директорката на Државниот управен инспекторат Кети Василевска и Страшо Глигоров одржана на 04.04.2022 година.
6. ЗАПИСНИК од состанок во АМС со подносителот Страшо Глигоров одржан на 18.05.2022 година.
7. ЗАПИСНИК од состанок во АМС со подносителот Страшо Глигоров одржан на 20.06.2022 година.
8. ЗАПИСНИК од состанок во Државен управен инспекторат во врска со поднесоците од подносителот одржан на 08.11.2022 година.
9. ЗАПИСНИК од состанок во АМС во врска со поднесоците од подносителот одржан на 16.11.2022 година.
10. ЗАПИСНИК од состанок во Државниот управен инспекторат во врска со поднесоците од подносителот одржан на 26.01.2023 година.
11. ЗАПИСНИК од средба помеѓу Инспекцискиот совет, Државниот управен

инспекторат и АМС во врска со поднесовите од подносителот одржан на 30.01.2023 година.

12. ЗАПИСНИК од состанок со Страшо Глигоров и членовите на советот одржан на 04.05.2023 година.
13. ЗАПИСНИК од средба со инспекторите за спорт при АМС Васе Ефтимов одржан на 18.07.2023 година.
14. ЗАПИСНИК од средба со Страшо Глигоров одржана на 07.12.2022 година.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-679/1 од 26.07.2024 година и во однос на истото Ве информираме дека информацијата која е предмет на Барањето е информација која не е создадена од страна на Советот, ниту информација со која Советот располага.

Дополнително, Ве информираме дека согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/19) и Деловникот за работа на Инспекцискиот совет бр. 01-1409/1 од 01.12.2022 година и Деловник за измена на Деловникот за работа на Инспекцискиот совет бр.01-1409/1 од 01.12.2022 година, број 01-344/1 од 16.03.2023 година, Советот работи, постапува и одлучува на редовни, а за итни и неодложни работи и на вонредни седници и единствено за истите води записници.

Согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности." Согласно наведеното, имателот на информации не е должен да создава нова информација, или да презема дополнителни дејства од своја надлежност, за да го задоволи Барателот во однос на неговото поднесено Барање на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор